**20250420969**

## НАЦИОНАЛЕН ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА МЕМО ДООЕЛ- СКОПЈЕ

Врз основа на член 90, став (2) точка 4) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) Националниот оператор на пазарот на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје во соработка со Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост Скопје и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија со Одлука бр.12-237/2 од 20.2.2025 година, донесе

## ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/23) во 2. МЕМО – ОПЕРАТИВНИ ПРАВИЛА, во членот 6 ставот (1) се менува и гласи:

„Ограничувањата за тргување зависат од максимален лимит на изложеност во денари изразени во евра по средниот курс објавен од НБСРМ на денот на аукција за секој учесник на пазарот согласно финансиската гаранција“.

Член 2

Во 2. МЕМО – ОПЕРАТИВНИ ПРАВИЛА, во членот 11 се додава нов став (5) кој гласи:

„Во случај на вкрстување на сумираната крива на понуда и сумираната крива на побарувачка по минимална или максимална цена, а целосната количина поднесена по минималната или максималната цена не може да се задоволи, се врши скратување на алоцираната количина“.

Член 3

Во 5. ПРИЛОГ 1 – Договорни трансакции и параметри за тргување, 5.1.2. Договорни трансакции за физичка испорака на електрична енергија на пазарот ден – однапред, редовите 10 и 11 од табелата се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| Минимални и максимални цени | 0,1 ЕУР/1.000 евра |
| Карактеристики на цените | Во ЕУР по MWh со две децимални места |

Член 4

Во 3. МЕМО – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, во членот 13 ставот (4) алинејата а) се менува и гласи:

„а) Вредноста на лимитот за тргување претставува збир на финансиските гаранции на учесникот на пазарот, намален за 18% и изразен во евра согласно средниот курс на НБРСМ на денот на аукцијата“.

По ставот (8) се додава нов став (9) кој гласи:

„(9) ООПЕЕ може да го ажурира лимитот за тргување најдоцна 1 час пред затворањето на книгата на налози во деновите кога може да се изврши платен промет.

Член 5

Во 3. МЕМО – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, во член 17 став (1) алинеја 9 по точката и) се додава нова точка ј) која гласи:

„ј) среден курс на НБРСМ на денот на аукцијата“.

Член 6

Во 3. МЕМО – ПРАВИЛА ЗА КЛИРИНГ И ФИНАНСИСКО ПОРАМНУВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, во член 19 став (3) алинеја 11 се додава нова алинеја 10 која гласи:

„- среден курс на НБРСМ на денот на аукцијата“.

Член 7

Овие правила влегуваат во сила со денот на објавувањето на „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применуваат од 26 февруари 2025 година.

Бр. 10-1484/4
21 февруари 2025 година
Скопје

Управител,
**Зоран Ѓорѓиевски,** с.р.